РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО
СУ04.бр.80 /22-4
28.12.2022 год.
КИЧЕВО

Претседателот на Основен суд Кичево Амдије Зенку, врз основа на чл.43 ст.1 од Законот за судска служба (Сл.весник бр.43/14),врз основа на објавен интерен оглас бр.1/22 на Основен суд Кичево, а по спроведената постапка за унапредување на судски службеници во звање Виш судски референт, работно место Виш судски референт , Категорија „Г“ , ниво „Г2“, 2 (двајца) извршители, на ден 28.12.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
***- За избор на судски службеници -***

Претседателот на Основен суд Кичево Амдије Зенку, врз основа на Предлог-одлука на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеници СУ04.бр.80/22-2 од 27.12.2022 година и Конечна ранг листа СУ04.бр.80/22 од 27.12.2022 година, доставени од страна на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеници во Основен суд Кичево, за работно место Виш судски референт , звање Виш судски референт ,Категорија „Г“ , ниво „Г2“, 2 (двајца) извршители, **ГИ ИЗБИРА** кандидатите :

**1.ВУКИЦА НАУМОСКА**

**2. ШПРЕСИМЕ СЕФЕРИ**

По конечноста на оваа одлука за избраните кандидати ќе бидат донесени Решенија за унапредување на судски службеници од звање Помлад судски референт, работно место:Помлад судски референт Категорија „Г“ , ниво „Г4“, во звање Виш судски референт , работно место: Виш судски референт, Категорија „Г“ , ниво „Г2“,шифра суд 0101Г02001,и од звање Судски референт, работно место:Судски референт Категорија „Г“ , ниво „Г3“, во звање Виш судски референт , работно место: Виш судски референт, Категорија „Г“ , ниво „Г2“,шифра суд 0101Г02001,и ќе донесе решенија за утврдување на плата.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на Основен суд Кичево на веб страната на судот на ден 16.12.2022 год. објавен е Интерен оглас бр.1/22, за унапредување на судски службеници, со звање Виш судски референт, работно место:Виш судски референт, Категорија „Г“ , ниво „Г2“ за 2 (двајца) извршители.

Од страна на Комисијата за селекција за унапредување согласно

член 42 ст.6 од Закон за судска слиужба,како и чл.6 ст.4 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас, до Претседателот на судот беше доставена Конечна ранг листа СУ04.бр.80/22 од 27.12.2022 година и Предлог-одлука за избор на кандидат за унапредување СУ04.бр.80/22-2 од 27.12.2022 година, за работното место: Виш судски референт, Категорија „Г“ , ниво „Г2“ , двајца извршители.

Со Предлог-одлука за избор на кандидат за унапредување, Комисијата за селекција за унапредување ги предложи кандидатите: Вукица Наумоска и Шпресиме Сефери.

Претседателот на судот имајќи го во предвид Конечна ранг листа и Предлог одлуката доставени од Комисијата за селекција за унапредување на судски службеници на Основен суд Кичево за работното место Виш судски референт Категорија „Г“ , ниво „Г4“ , ги избра кандидатите : Вукица Наумоска и Шпресиме Сефери.

При изборот на кандидатите Претседателот на судот ја имаше предвид Конечна ранг листа и Предлог одлуката доставени од страна на Комисијата за унапредување на судски службеници, врз основа на што се одлучи како во изреката на одлуката, а сето тоа согласно чл.43 ст.1 од Законот за судска служба.

Претседател на судот,
Amdije Zenku

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на одлуката, преку Основен суд Кичево до Советот на судска служба.

Д-но: Вукица Наумоска, Шпресиме Сефери,
Горанчо Ристески,Гордана Стојкоска,Бесмир Каса,
огласна табла на судот,веб страната на судот